Бр./Nr. 26-340/4
Датум/Data 08-04-2026

Врз основа на член 27 став (7) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) и член 4 став 7 од Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата бр.26-57/1 од 14.01.2025 година, постапувајќи по барањето бр. 26-340/1 од 17.03.2026 година поднесено од Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје, по претходно добиено негативно мислење од Бирото за развој на образованието бр. 26-340/3 од 07.04.2026 година, Педагошка служба, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**За неодобрување на работна тетратка**

1. Барањето бр. 26-340/1 од 17.03.2026 година за употреба на работна тетратка по предметот Физика за VII одделение основно образование за учебната 2026/27 година, од авторите Никола Делевски, Мирјана Патараковска и Катица Митовска-Христовска поднесено од Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје, **НЕ СЕ ОДОБРУВА.**
2. **НЕ СЕ ОДОБРУВА** за употреба работната тетратка Физика за VII одделение основно образование за учебната 2026/27 година, од авторите Никола Делевски, Мирјана Патараковска и Катица Митовска-Христовска поднесено од Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје.
3. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Решение, кое станува извршно со неговата конечност.

**Образложение**

Педагошката служба има примено барање со бр. 26-340/1 од 17.03.2026 година од страна на Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје, за одобрување на работна тетратка по предметот Физика за VII одделение основно образование од авторите Никола Делевски, Мирјана Патараковска и Катица Митовска-Христовска.

Постапувајќи по наведеното барање, Педагошка служба достави допис со бр. 26-340/2 од 18.03.2026 година до Биро за развој на образованието, за добивање на стручно мислење за исполнетост на Критериумите за вреднување на работната тетратка како и усогласеноста на работната тетратка со наставната програма.

Бирото за развој на образованието до Педагошката служба достави негативно стручно мислење бр. 09-774/3 од 03.04.2026 година, заверен во МОН под бр. 26-340/3 од 07.04.2026 година во кое е констатирано дека работната тетратка по Физика за VII одделение основно образование од авторите Никола Делевски, Мирјана Патараковска и Катица Митовска-Христовска поднесено од Друштво за графички услуги и трговија Арс Ламина ДОО Скопје не е усогласена со наставната програма по предметот Физика за VII одделение и не ги исполнува Критериумите за вреднување на работни тетратки утврдени од Бирото за развој на образованието.

Согласно со член 5 од Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата, во рамки на училиштето е строго забрането директно продавање или

посредување при продажба и дистрибуција на работни тетратки преку службите на училиштето, наставниците или друг вработен кадар.

Врз основа на погоре наведеното Стручно мислење, како и одредбите од Законот за учебници во основно и средно образование и Правилникот за начинот на одобрувањето на работни тетратки за употреба во училиштата, Педагошка служба одлучи како во диспозитивот на ова решение.

<u>**Правна поука:**</u> Против оваа Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

**Директор на Педагошка служба,**
**м-р Роберт Аџипетров**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Подносители на барања